# З А П И С Н И К

од четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 25.02.2021 во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Претседателот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 4 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за четвртиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од третиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2021 година;
3. Усвојување на годишна (завршна) сметка на АЕК и Универзална услуга за 2020 година;
4. Разно.

Откако претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа едногласно се усвои Записникот од третиот состанок на Комисијата.

Во врска со точка број три, усвојување на годишна (завршна) сметка на АЕК и Универзална услуга за 2020 година беше повикан раководителот на Сектор за финансии кој ја образложи пред директорот и членовите на Комисијата, по што се даде согласност за усвојување на сметката и се задолжија службите навремено да ја достават до надлежните институции.

Под точката Разно, немаше дискусија.

Седницата заврши во 11:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_______________

Дешира Имери, член ___________________________

Ервин Реџепагиќ, член _________________________